**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# Посебен извештај

## од истражување за состојбата со остварувањето на право на образование на деца со посебни образовни потреби во основните училишта во Скопски регион

**Декември, 2019**

**Вовед**

Народниот првобранител, согласно член 2 и член 11-б од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр.60/03, 114/09, 118/16, 189/16 и 35/18), врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост, преку посебно одделение за кое покрај постапување по претставки врши следење на состојбите и заштита на правата на децата и лицата со попреченост. Едновремено, од 1 јули 2019 година во рамките на ова одделение започна со работа тимот кој ја следи имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност.

Законот за основното образование[1] донесен во август 2019 година, беше јавно достапен за давање мислења и коментари пред неговото донесување во Собранието на РСМ на 30.07.2019. Во тој контекст, Народниот правобранител даде свое Мислење по Нацрт Законот за основно образование, како и Предлог Законот за основно образование, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за народниот правобранител.

Имено, Народниот правобранител меѓу другото, ја поздрави намерата на Министерството за образование и наука за хармонизација и усогласување на регулативата со Конвенцијата за правата на детето и Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, особено инкорпорирањето на основните начела на кои се темелат споменатите Конвенции, како што е најдобриот интерес и целосниот развој на ученикот, врз основа на еднаквост, достапност и инклузија.

Исто така, Народниот правобранител изрази задоволство од надградената нормативната рамка за недискриминација и еднаквост на децата во процесот на образование, со оглед на тоа дека за прв пат во именуваниот Закон попреченоста беше утврдена како основ за дискриминација, што впрочем беа дел од заложбите, препораките и укажувањата на Народниот правобраниел во неговите Годишни извештаи, како и во Посебните извештаи за инклузијата на децата со попреченост во предучилишните установи, во редовното основно и средно образование, со цел што поефикасна и суштинска инклузија на децата со попреченост.

Во меѓувреме, со отпочнување на учебната година зачестија претставките од родители на деца со попреченост во врска со обезбедување на асистент во

[1] Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година

наставата во општинските основни училишта за учебната 2019/20 година, како поддршка на учениците, кој согласно член 19 став 1 од новиот Закон за основното образование е право на учениците со попреченост. Подносителите на претставките појаснуваат дека во изминатиот период, како и во оваа учебна година, остварувањето на овој вид поддршка се одвива преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Агенцијата за вработување на РСМ и општините кои преку програмата за општинско корисна работа од оперативниот план на Владата за активни мерки и програми за вработување и услуги на пазарот на трудот, ги активирале невработените лица со цел истите да се вклучат на проект за обезбедување социјални услуги во заедницата.

Актуелниот проблем се состои во тоа што поголем е бројот на пријавени ученици со попреченост за кои е потребно обезбедување асистенти во наставата преку проектот во однос на бројот на одобрени асистенти во програмата.

Родителите кои имаат доставено претставки немаат остварено право на асистент во наставата за сопственото дете, а воедно и немаат јасен одговор во врска со тоа врз основ на кој критериум се врши селекцијата при изборот на учениците, па останува нејасно како и под кои услови некои ученици со попреченост добиваат асистент, додека за други истото не е остварено. Воедно подносителите на претставките посочуваат на фактот дека во текот на оваа учебна година во споредба со минатата, драстично е намален бројот на асистенти во основните општински училишта.

Во корелација со изложеното, а заради правилно и потполно утврдување на фактичката состојба, како и заштита и непречено остварување на правото на поддршка на учењето за учениците со попреченост утврдено со Законот за основното образование, Народниот правобранител спроведе истражување за состојбата со остварувањето на правото на образование на децата со посебни образовни потреби во основните училишта во Скопскиот регион, во учебната 2019/2020.

**Цел и Методологија на истражување**

Целта на истражувањето е да се утврди дали се обезбедени условите за инклузивно образование на учениците со посебни образовни потреби во општинските основни училишта на територија на Скопскиот регион, на начин како што е тоа утврдено со Законот за основното образование.

Во истражувањето беше применето анкетирање како техника на истражување, со инструмент на истражување анкетни прашалници специјално изготвени за потребите на истражувањето. Анкетата се спроведе во период од септември до ноември 2019 година.

Беа употребени неколку видови на прашалници. Еден тип на прашалник беше доставен до сите општински основни училишта во сите општини од Скопскиот регион, а друг тип прашалник до двете посебни основни училишта на територија на Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“) на кој и двете училишта одговорија. Посебен прашалник беше доставен и до Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ и на истиот исто така, беше одговорено. Исто така, посебен прашалник беше доставен до Стручното тело за функционална проценка по МКФ - Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје и на истиот доставен е одговор.

Прашалникот беше доставен до вкупно **90** општински основни училишта во **17** општини од Скопскиот регион, а истиот беше одговорен од вкупно **84** училишта, односно процентот на добиени одговорени прашалници е **93%**.



На Графиконот подолу е прикажано колку од училиштата на ниво на општина учествувале во истражувањето, односно доставиле одговор на Прашалникот.




### Анализата на добиените податоци

Во Член 35 од Законот за основно образование дадени се дефиниции за учениците со посебните образовни потреби, при што е наведено следново:

*„- ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите,*

*- ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и*

*- ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични деприварани средини.“*

Анализата на добиените податоци за **бројот на учениците со посебни образовни потреби** (ПОП) покажува дека во тековната 2019/20 учебна година во општинските основни училишта во Скопскиот регион има вкупно **1236** ученици со ПОП, од кои **159 (12,8%)** се ученици во I одделение. Од вкупно 1236 ученика има:

- **513** се ученици со попреченост (потврдени со наод и мислење од стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста и/или со функционален профил добиен од Стручното тело за функционална проценка по МК). Од овие 513 ученици со попреченост, вкупно **71** се првачиња во учебната 2019/20 година;

- **510** се ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето. Од вкупниот број на овие ученици **51** се првачиња во учебната 2019/20 година;

- **213** се ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и/или јазични депривирани средини, при што **37** ученика се запишани во прво одделение во учебната 2019/20 година.

Истото, сликовито е прикажано на Графиконот во продолжение.




Во однос на ова прашање дополнителните коментари кои ги добивме од самите училишта се дека има ученици кои немаат наод и мислење, но кои покажуваат одредени потешкотии во учењето, или дури за кои се изразува сомнеж дека имаат одредена попреченост. Во тој контекст, потребно е доуредување на член 35 од Законот за основно образование со подзаконски акт, со кој јасно и конкретно би се дефинирало кои деца спаѓаат во групата ученици со попреченост, кои се ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето, а кои

ученици се ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и/или јазични депривирани средини.

Вкупниот број на ученици со попреченост во двете посебни основни училишта на територија на Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“) во учебната 2019/20 година е **196**, од кои вкупно **25** се првачиња во оваа учебна година.

Направената анализа во однос на **видот и степенот на попреченоста** кај учениците кои имаат потврдена попреченост со наод и мислење, укажува на тоа дека учениците со лесна интелектуална попреченост и учениците со аутистичен спектар на нарушувања се најзастапени во рамки не редовните училишта. Застапеноста, односно бројот на ученици според видот на попреченост се наведени подолу, при што се подредени од најмногу кон најмалку присутни во рамки на редовните основни училишта:

- ученици со лесна интелектуална попреченост (**120**),
- ученици со аутистичен спектар на нарушување (**73**),
- учениците кои се во групата друго (**69**) во која најчесто се вброени учениците со дисхармоничен развој, хронично болни деца, деца со ретки болест и специфични синдроми,
- ученици со комбинирана попреченост (**63**),
- ученици со значајни проблеми во говорот и гласот **(59),**
- ученици со оштетен слух – глувост- **(25)**
- ученици со телесна инвалидниост од полесен степен (**25**),
- ученици со телесна инвалидност од потежок степен (**24**),
- ученици со оштетен слух – наглувост (**21**),
- ученици со умерена интелектуална попреченост (**17**),
- ученици со оштетен вид – слабовидност (**10**),
- ученици со тешка интелектуална попреченост (**3**) и
- ученици со оштетен вид – слепило (**2**).

Истото, сликовито е прикажано на Графиконот подолу.




Во однос на бројот на ученици со оштетен вид, треба да се напомене дека на територија на Скопскиот регион се наоѓа и Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ во кое учат ученици со оштетен вид од целата држава, а наставата ја следат според наставен план и програма за редовните училишта. Добиените податоци од ова училиште укажуваат на тоа дека од I до IX одделение има вкупно 31 ученик, од кои 6 се првачиња оваа учебна година. Според видот на попреченоста има вкупно **21** ученик со слепило и **10** ученици со слабовидност.

Во однос на видот и степенот на попреченоста кај учениците од посебните основни училишта од Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“) се забележува дека најголем број од учениците имаат комбинирана попреченост (вкупно **102**), потоа следдуваат ученици категоризирани со лесна интелектуална попреченост (вкупно **40**), со аутистичен спектар на нарушувања (вкупно **18**), ученици кои се во групата друго во која се наведуваат учениците со специфични синдроми (вкупно **13**), со умерена интелектуална попреченост (вкупно **12**) и **1** ученик е со тешка интелектуална попреченост. Сите 196 ученици кои учат во овие училишта имаат наод и мислење од стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста, а во двете училишта има вкупно **109** ученици кои покрај тоа имаат и функционален профил добиен од Стручното тело за функционална проценка по МКФ, а од овој број вкупно **3** ученици учат во прво одделение оваа учебна година.

Го анализиравме бројот на проценети деца со попреченост од страна на Стручното тело за функционална проценка по МКФ - Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје (во периодот откако се отпочнати со работа – април 2019 до крајот на октомври 2019). Според одговорите добиени од Стручното тело за функционална проценка по МКФ има вкупно **331** проценети деца од целата територија на РСМ. Од овој вкупен број околу **80** деца биле од територија на Скопскиот регион, а **98** биле од двете посебни училишта од Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“). Од овие 98 деца, за **23** ученици дале препорака за преминување од посебно кон редовно училиште.

Според добиените податоци од посебните основни училишта (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“), само **6** ученици постапиле согласно препораката. Причините кои ги истакнуваат училиштата поради кои не е постапено согласно препораката се изричните барања од родителите, односно желбата, волјата и ставот на родителите нивните деца да продолжат да се образуваат во посебните основни училишта.

Од друга страна пак, интересен за истакнување е податокот кој го добивме од посебните основни училишта од Скопскиот регион а кој се однесува на бројот на ученици со попреченост кои во изминатите 3 учебни години преминале од основните општински училишта кон посебните училишта, кој изнесува вкупно **25**.

Законот за основното образование, во член 16 утврдува дека основните училишта треба да имаат формирано училишни инклузивни тимови, кои се грижат за инклузивните политики и практики на ниво на училиштата и дополнително треба да имаат инклузивни тимови за учениците со кои се работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма. Според став 2 од истиот член *„Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена и тоа: педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето.“* Во став 3 од истиот член се наведува дека *„Инклузивниот тим за ученикот е за период до завршување на*

*основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор.“*

Добиените одговори на прашањето **дали училиштата имаат формирано училишен инклузивен тим** укажуваат на тоа дека сите општински основни училишта со исклучок само на едно (ООУ „Дитурија“) имаат формирано училишни инклузивни тимови. Притоа, во инклузивните тимови членуваат стручните лица од стручната служба (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор (СЕР), доколку во училиштето е вработен ваков стручен соработник), по двајца наставници од одделенска и предметна настава и директорот на училиштето. Поголем број училишта се изјасниле дека во рамки на училишниот инклузивен тим членуваат и еден до двајца родители на учениците, но тоа не е пракса во сите училишта.

Од вкупно 83 училишта кои одговориле дека имаат училишен инклузивен тим, од анализа на добиените одговори произлегува дека **48** имаат нецелосен училишен инклузивен тим согласно член 16 став 1, 2 и 5 од Законот за основно образование. Во **22** од овие училишта во училишниот инклузивен тим воопшто не е вклучен СЕР, ниту пак е определено такво стручно лице од центрите за поддршка во учење или училиштата со ресурсен центар.

Согласно член 53 став 12 од Закопнот *„Бројот на учениците со попреченост во паралелка го утврдува училишниот инклузивен тим... водејќи грижа за рамномерна распределба по паралелки, во зависност од видот на попреченоста и видот и обемот на потребните прилагодувања.“*

На прашањето **дали училишниот инклузивен тим ги распределува учениците со попреченост по паралелки, и дополнително од што се раководат училиштата при распределба на учениците со попреченост по паралелки** добиени се различни одговори. Па така најголем број на училишта одговориле дека при распределбата на ученици со попреченост се раководат од вкупниот број на ученици во паралелката, видот на попреченост и степенот на потребна поддршка. Вкупно **9** од испитаните училиштата како фактор од кој се раководат го споменуваат и искуството на наставникот за работа со деца со попреченост, додека само **6** училишта изрично одговориле дека се раководат

од Правилникот за распоредување на ученици со посебни образовни потреби[2] во кој во член 4 е наведено дека *„во паралелка во редовно основно училиште може да се вклучат најмногу до два ученика со посебни образовани потреби, при што за еден ученик со посебни образовни потреби кој се вклучува во паралелката, бројот на останатите ученици во паралелката се намалува за три ученика.“* Согласно став 3 од овој член *„ако во училиштето има повеќе ученици со посебни образовни потреби кои не можат да се распоредат согласно став 1 на овој член, училиштето рамномерно ги распределува учениците во сите паралелки во исто одделение од основното училиште.“* Анализата на податоците добиени од општинските основни училишта покажува дека во просек, бројот на ученици со попреченост во паралелките е **еден до најмногу два ученика** по паралелка.

За учениците со попреченост **73** училишта имаат **формирано инклузивни тимови за секој ученик**, додека **11** немаат такви тимови.

Според член 79 став 1 од Законот за основно образование, воспитно-образовната работа во основното училиште ја реализираат наставници и стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго), а според член 16 став 1 и став 2 училишниот инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште е составен од неколку члена меѓу кои специјалниот едукатор и рехабилитатор е еден од членовите.

Во член 16 став 5 е утврдено дека *„Доколку училиштето нема вработено стручен соработник од одреден профил, за членови на инклузивниот тим се определуваат лица од центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост и/или училиштата со ресурсен центар.“*

Поради тоа го побаравме одговор на прашањето **дали во училиштето има вработен специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) како стручен соработник**. Добиените податоци укажуваат на тоа дека од сите училишта кои одговориле на Прашалникот (84) во вкупно **43** училишта има вработен СЕР (**51,2%** од вкупниот број на училишта кои беа дел од истражувањето), што значи дека во малку повеќе од половина од вкупниот број

[2] Службен весник на РМ, бр.136, од 26.09.2017

на училишта има стручно лице кое би било најповикано за давање поддршка на учениците со попреченост во инклузивната настава.

Истото, сликовито е прикажано на Графиконот подолу.




Во ниту едно училиште на територија на општините Илинден, Сарај, Чучер Сандево, Петровец, Сопиште, Зелениково и Арачиново, нема вработено специјален едукатор и рехабилитатор.




Општините со поголем број на училишта, немаат во сите училишта вработено СЕР, па така:

- во општина Карпош од вкупно 10 училишта, во 5 има вработено СЕР,

- во општина Ѓорче Петров од вкупно 6 училишта, во 5 има вработено СЕР,

- во општина Центар од вкупно 7 училишта, само во 2 има СЕР,

- во општина Бутел од вкупно 7 училишта, во 5 има СЕР,

- во општина Гази Баба од вкупно11 училишта, во 9 има СЕР,

- во општина Кисела Вода од вкупно 7 училишта кои одговориле, во 5 има СЕР,

- во општина Чаир од вкупно 9 училишта, има СЕР само во 2 училишта,

- и во општина Шуто Оризари од вкупно 2 училишта, вработен СЕР има само во едно.

Единствено на територија на општина Аеродром во сите училишта има вработено СЕР.

Инаку, скоро сите училишта во кои е вработен специјален едукатор и рехабилитатор како стручен соработник **се задоволни од поддршката** која ова стручно лице ја дава на учениците со попреченост со цел задоволување на нивните потреби.

Училиштата на територија на општините Карпош, Ѓорче Петров, Центар, Бутел и Кисела Вода, кои немаат вработено специјален едукатор и рехабилитатор како стручен соработник, поддршката за учениците со ПОП ја добиваат од вработените општински специјални едукатори и рехабилитатори кои даваат повремена поддршка за овие ученици, додека општините Гази Баба и Чаир имаат мобилен СЕР кој е вработен во едно од училиштата, но истовремено ова стручно лице опслужува неколку училишта на ниво на општината.

Овој тип на поддршка според одговорите на училиштата, најчесто е еднаш до два пати неделно, што според нив **е недоволно**, односно **делумно задоволува** поддршката која ја дава на учениците со попреченост.

Согласно член 30 став 8 *„Индивидуален образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето“.* А според член 16 став 6 *„инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП за учениците со попреченост согласно со нивните индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во*

*училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци (МКФ).“*

Поголемиот дел од училиштата (вкупно **68**) одговориле дека за учениците со попреченост **имаат изготвено идивидуален образовен план (ИОП)**, додека **16** испитани училишта одговориле дека ИОП не е изготвен за сите ученици со попреченост, од нив **2** училишта појасниле дека родителите не сакаат нивното дете да следи настава по ИОП.

Го анализиравме **постоењето на образовни и лични асистенти во наставата како еден од видовите на поддршка на учењето за учениците со попреченост** кое се обезбедува во училиштата, согласно член 19 од Законот.

Направената анализа на вкупниот број на актуелно ангажирани асистенти во ООУ на територија на Скопскиот регион, укажува на тоа дека во вкупно **8** општини има образовни/лични асистенти во наставата, додека останатите **9** општини немаат ангажирано вакви лица за поддршка на учениците со попреченост.

Асистенти има во основните училишта во следниве 8 општини: Карпош, Ѓорче Петров, Центар, Бутел, Гази Баба, Сарај, Аеродром и Кисела Вода.

Вкупниот број на асистенти ангажирани во наставата за учебната 2019/20 година изнесува **139**, од кои **88** се образовни, а **51** се лични асистенти.

На Графиконот подолу е прикажан вкупниот број на ангажирани асистенти (образовни/лични) за учебната 2019/20 година.



Бројот на ангажирани асистенти (образовни/лични) за учебната 2019/20 година по општини е презентиран на Графиконот подолу.




Само во општина Карпош во сите училишта има образовен/личен асистент. Во општините Аеродром, Ѓорче Петров и Кисела Вода од сите испитани училишта на нивните територии само во по едно училиште нема образовен/личен асистент, додека во сите други училишта има.

Постојат и општини во кои е мал бројот на училишта во кои има асистенти во наставата, како на пр. општина Гази Баба, Бутел и Сарај, а дури 9 општини (Илинден, Чучер Сандево, Чаир, Петровец, Сопиште, Зелениково, Шуто Оризари, Арачиново и Студеничани) воопшто немаат образовни/лични асистенти.

Ова подетално е прикажано на следниот Графикон.



Во однос на ова прашање одговорите добиени од Стручното тело за функционална проценка по МКФ се дека за досега проценетите **80** деца кои посетуваат настава во општинските основни училишта на територија на Скопски регион, за учебната 2019/20 година имаат препорачано вкупно **53** образовни и **12** лични асистенти.

Во моментот, околу 90 деца се на листа на чекање, односно имаат закажано проценка која треба да се реализира во наредниот период, така што презентираниот број на асистенти (образовни/лични) според проценката на Стручното тело за функционална проценка по МКФ не е конечна.

Според добиените одговори од нивна страна доделувањето на образовен или личен асистент се заснова на експертизата која ја прави Стручното тело за проценка на функционалноста и зависи од индивидуалните потреби на децата. Целта е да се овозможи максимално учество на секое дете во секојдневното функционирање.

Итересен е одговорот од училиштата во однос на прашањето **колку образовни и колку лични асистенти треба да бидат ангажирани за да можат да се задоволат потребите на сите ученици со попреченост за кои ваквиот тип на поддршка е неопходен**, каде сумарните податоци укажуваат дека за сите училишта се потребни вкупно **343** образовни и **70** лични асистенти.

Горенаведеното е сликовито прикажано на следниот Графикон.




Значи споредено со актуелниот број ангажирани асистенти, според добиените одговори од училиштата потребно е значајно зголемување на бројот

на образовни асистенти и тоа за приближно **4 пати**, и за околу **20 лични асистенти.**

Во однос на на прашањето **„колку од вработените во Вашето училиште посетиле обука (или дополнителна едукација) за работа со ученици со попреченост“**, од добиените одговори произлегува дека мал е бројот на училишта (вкупно **20**) во кои целокупниот наставен кадар и стручната служба имаат посетено одредени обуки за работа со деца со попреченост. За жал, има и училишта во кои многу мал број од вработените (максимум двајца), како и училишта (вкупно **10**) во кои ниту еден од вработените нема учествувано на некоја дополнителна едукација за работа со ученици со попреченост.

Заеднички заклучок за сите училишта е дека **овие обуки не ги зајакнале компетенциите** на наставниот кадар **или делумно ги зајакнале**, но сите потенцираат дека им се **неопходни дополнителни обуки, едукација и работилници** кои би се реализирале **во континуитет**. Меѓу другото, забележуваат на тоа дека актуелните обуки кои се реализираат од страна на Бирото за равој на образованието се задолжителни, но истите се одржуваат он лајн, без можност за дискусија, размена на мислења и искуства и интерактивно учество на вработените во обуките.

**76** училишта наведуваат дека е потребно да се реализираат **едукации, обуки, работилници** за работа со ученици со попреченост, **52** училишта одговориле дека имаат потреба од **поддршка во изработка на ИОП** со диференцијација на наставните цели и содржини, а **57** училишта се изјасниле дека имаат потреба од **поддршка во изработка на наставни материјали и средства** кои ќе се употребуваат во наставата со овие ученици.

Дел од училиштата (**18**) се одредиле и дополнително за опцијата друго, во која наведуваат дека им е **потребна асистивна технологија, вработување на СЕР и асистенти во наставата**.




На прашањето **„Дали сметате дека во Вашето училиште постојат фактори кои ја отежнуваат инклузијата на учениците со попреченост“**, дури **58** училишта (**69%**) одговориле потврдно, наспроти **26** училишта кои сметаат дека не постојат фактори кои би ја попречувале инклузијата на децата со попреченост во основното образование.




Дополнително го анализиравме ова прашање по општини, а податоците се дадени во Графиконот подолу.




Општина Чаир, Шуто Оризари, Сопиште и Зелениково се изјасниле дека на ниво на нивните територии во **сите училишта** постојат фактори кои ја отежнуваат инклузијата.

Анализата на прашањето за **факторите кои ја отежнуваат инклузијата** го покажува следното:

- непристапност до инфраструктурата (архитектонски бариери) и услугите - за оваа опција се одлучиле вкупно **30** училишта;
- неприлагодена средина за учење (непостоење на соодветни техничко-материјални услови, дидактички материјали и наставни средства) - за оваа опција се одлучиле вкупно **44** училишта;
- неприфаќање и негативен став од страна на наставниците, родителите, соучениците - за оваа опција се одлучиле вкупно **11** училишта;
- недоволно развиени професионални компетенции на наставниот кадар за работа со ученици со попреченост - за оваа опција се одлучиле вкупно **45** училишта;
- опција друго за која се одлучиле **8** училишта, кои ги наведуваат следниве отежнувачки фактори: непостоење на стручен кадар – специјален едукатори и рехабилитатор, голем број на ученици во паралелките, недостаток од асистенти и стручна и систематска поддршка.

Ова е сликовито прикажано на следниот Графикон.




Во однос на истото прашање гледиштето на посебните основни училишта од Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“) е дека постојат фактори кои ја отежнуваат инклузијата на учениците со попреченост во редовните училишта, односно тие сметаат дека сите наведени причини во понудените одговори на прашалникот се евидентни во најголем број на општински основни училишта.

На прашањето „**Дали Вашето училиште соработува со некое училиштето со ресурсен центар (Посебно основно училиште)“**, само **15** училишта се изјасниле позитивно, при што навеле дека соработката била поради реализација на одредена обука или била од консултативна/советодавна природа.

Посебните основни училишта од Скопскиот регион на ова прашање одговориле дека имаат соработка со училиштата во кои имаат подрачни паралелки, а покрај тоа ПОУ „Д-р Златан Сремец“ соработува со ООУ од Кисела Вода и Аеродром, додека ПОУ „Иднина“ со ООУ од Гази Баба, Илинден и Бутел, и воглавно соработката е од советодавен карактер, поддршка во изработка на ИОП и давање методско-дидактички насоки на наставниот кадар и стручните служби од општинските основни училишта.

Во однос на тоа **кои видови на поддршка би им биле најпотребни на општинските основни училишта** за подобро инклузивно образование на учениците со попреченост, а кои би ги добиле од училиштето со ресурсен центар (посебно основно училиште), училиштата наведуваат дека:

- индивидуална дополнителна поддршка на ученици со попреченост од страна на стручни лица специјални едукатори и рехабилитатори (дефектолози) – за оваа опција се одлучиле вкупно **59** училишта;
- поддршка на наставниот кадар и стручната служба за работа со ученици со попреченост – за оваа опција се одлучиле вкупно **57** училишта;
- поддршка на родителите на учениците со попреченост (советодавна, консултативна, стручна) – за оваа опција се одлучиле вкупно **51** училиште;
- поддршка во обезбедување на материјално-технички ресурси и наставно-дидактички материјали и средства – за оваа опција се одлучиле вкупно значајни **67** училишта.
- и за опцијата друго се одлучиле вкупно **7** училишта, кои при тоа се изјасниле дека од училиштето со ресурсен центар (посебното основно училиште) очекуваат реализација на обуки за наставниот кадар и стручната служба.

Горекажаното е прикажано на Графиконот во продолжение.



**Заклучни согледувања**

Во учебната 2019/2020 година, во 93% од општинските основни училишта во Скопскиот регион уучат вкупно 1236 ученици со посебни образовни потреби, од кои 513 се ученици со попреченост (потврдени со наод и мислење и /или со функционален профил). Согласно одговорите на поголем дел од училиштата, прикажаниот бројот на ученици со ПОП не ја одразува вистинската слика и целосната бројка, бидејќи има ученици кои покажуваат одредени потешкотии во учењето, или дури се изразува сомнеж дека имаат одредена попреченост, но немаат наод и мислење.

Најзастапени според видот на попреченоста, во општинските основни училишта во Скопскиот регион, се учениците со лесна интелектуална попреченост и учениците со аутистичен спектар на нарушувања.

Во просек, бројот на ученици со попреченост во паралелките е еден до најмногу два ученика по паралелка, при што најголем број на училишта одговориле дека при распределбата на учениците со попреченост по паралелки се раководат од вкупниот број на ученици во паралелката, видот на попреченост и степенот на потребна поддршка.

Без малку сите училишта (83) имаат формирано училишни инклузивни тимови, меѓутоа во нивниот состав не членуваат сите законски определени членови. Повеќето училишта (73) имаат формирано инклузивни тимови за секој ученик со попреченост. Повеќето училиштата (вкупно 68) одговориле дека за учениците со попреченост имаат изготвено идивидуален образовен план (ИОП).

Во вкупно 41 училишта нема вработен специјален едукатор и рехабилитатор како стручен соработник или тоа е 49% од вкупниот број на училишта кои беа дел од истражувањето, што значи дека во приближно половина од вкупниот број на училишта нема стручно лице кое би било најповикано за давање поддршка на учениците со попреченост во инклузивната настава. Во ниту едно училиште на територија на општините Илинден, Сарај, Чучер Сандево, Петровец, Сопиште, Зелениково и Арачиново, нема вработено специјален едукатор и рехабилитатор.

Училишта во кои е вработен специјален едукатор и рехабилитатор како стручен соработник се задоволни од поддршката која ова стручно лице ја дава на учениците со попреченост со цел задоволување на нивните потреби.

Училиштата кои немаат вработено специјален едукатор и рехабилитатор како стручен соработник, поддршката за учениците со посебни образовни потреби ја добиваат од вработените општински специјални едукатори и рехабилитатори кои даваат повремена поддршка за овие ученици, или преку мобилен специјален едукатор и рехабилитатор кое опслужува неколку училишта на ниво на општината. Овој тип на поддршка според одговорите на училиштата најчесто е еднаш до два пати неделно, што според нив е недоволно, односно делумно задоволува поддршката која ја дава на учениците со попреченост.

Во вкупно 8 општини има образовни/лични асистенти во наставата, додека останатите 9 општини немаат ангажирано вакви лица за поддршка на учениците со попреченост. Вкупниот број на асистенти ангажирани во наставата за учебната 2019/20 година изнесува 139, од кои 88 се образовни, а 51 се лични асистенти.

Само во една општина (Карпош), во сите училишта има образовен/личен асистент.

Мал е бројот на училишта (вкупно **20**) во кои целокупниот наставен кадар и стручната служба имаат посетено одредени обуки за работа со деца со попреченост, што значи дека вработените од поголем број училишта не поминале низ дополнителна едукација, а има и училишта во кои ниту еден од вработените нема учествувано на некоја дополнителна едукација за работа со ученици со попреченост.

58 или 69% од испитаните училишта одговориле дека во нивните училишта постојат фактори кои ја отежнуваат инклузијата на учениците со попреченост, при што недоволно развиените професионални компетенции на наставниот кадар за работа со ученици со попреченост и неприлагодена средина за учење (непостоење на соодветни техничко-материјални услови, дидактички материјали и наставни средства) се опциите за кои се одлучиле мнозинството од училиштата. Скоро сите училишта се изјасниле дека немаат соодветна асистивна технологија која би можела да се користи во наставниот процес со цел поддршка на учениците со попреченост.

Само 15 училишта се изјасниле дека соработуваат со некое училиште со ресурсен центар (Посебно основно училиште), при што навеле дека соработката била поради реализација на одредена обука или била од консултативна/советодавна природа.

Вкупниот број на ученици со попреченост во двете посебни основни училишта на територија на Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“) во учебната 2019/20 година е 196, од кои вкупно 25 се првачиња во оваа учебна година. Во однос на бројот на ученици со оштетен вид во Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ во оваа учебна година наставата од I до IX одделение ја следат вкупно 31 ученик, од кои 6 се првачиња оваа учебна година.

Во периодот април - октомври 2019, од страна Стручното тело за функционална проценка по МКФ - Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје се проценети вкупно 331 дете од целата територија на РСМ, од кои околу 80 деца биле од територија на Скопскиот регион, а 98 биле од двете посебни училишта од Скопскиот регион (ПОУ „Д-р Златан Сремец“ и ПОУ „Иднина“).

23 ученици од овие 98 дале препорака за преминување од посебно кон редовно училиште, но според добиените податоци од посебните основни училишта само 6 ученици преминале во некое редовно училиште. Од друга страна пак, според податоците од посебните основни училишта од Скопскиот регион бројот на ученици со попреченост кои во изминатите 3 учебни години преминале од основните општински училишта кон посебните училишта изнесува вкупно 25.

**Препораки и коментари на Народен правобранител**

За успешна имплрементација на Законот за основно образование, од аспект на инклузивно образование, Народниот правобранител го шпотенцира и препорачува следното:

Без пристапност и достапност на основните училишта до учениците со попреченост, повторно овие ученици би се образувале само во услови изолирани од врсниците и/или би биле лишени од образование. Правото на

недискриминација го опфаќа правото на несегрегација и обезбедување соодветно приспособување и мора да се подразбере во контекст на обврска да се обезбедат пристапни наставни средини, соодветно приспособување и разумно прилагодување.

Индивидуалната поддршка и соодветното приспособување се приоритетни прашања и треба да се бесплатни на сите задолжителни нивоа на образование не само на ниво на основно образование.

Некои групи деца со попреченост се поизложени на ризик да бидат исклучени од образование од други, како на пр. деца со умерен и потежок степен на интелектуална попреченост, деца со повеќекратна (комбинирана) попреченост, слепи или глуво-слепи деца, односно деца со потежок облик и степен на попреченост.

Без обезбедување на човечки и материјално-технички услови во рамки на сите основни училишта не е можна квалитетна инклузија. Оттука, потребно е обезбедување на соодветен стручен и квалитетен кадар (особено специјални едукатори и рехабилитатори, а по потреба и други стручни лица) во сите основни училишта.

Потребно е сензибилизирање, дообучување и подобрување на професионалните компетенции на целокупниот образовен кадар за работа со ученици со попреченост. Едукацијата на наставниот кадар потребно е да биде низ призма и концептот на права на децата и права на лицата со попреченост и истата да се реализира од квалитетни и искусни обучувачи (експерти во проблематиката) и во континуитет.

Учениците со попреченост и нивните семејства мора да се препознаат како партнери, а не само како корисници на образованието, односно мора да бидат активно вклучени и консултирани во сите аспекти на планирање, спроведување, следење и оценување на политиките на инклузивното образование, исто колку и релевантните стручни лица.